International Finance Corporation
World Bank Group

## PRESS CLIPPINGS

| | |
|---|---|
| **Date:** | May 10, 2006 (Wednesday) |
| **Media:** | Makedonija Denes |
| **Circulation:** | 10.000 |
| **Title:** | **Parliament: Law on Mediation Accepted** |
| **Summary:** | The Parliament yesterday has accepted the law on Mediation, according to which the alternative way of dispute resolution is enabled. |

СОБРАНИЕ

# Усвоен законот за медијација

Собранието вчера ја заврши расправата по законите за управни спорови и за прекршоци, но како што најави претседателот на Парламентот Љупчо Јордановски по нив ќе се гласа на продолжението на седницата кое ќе се одржи в петок, поради тоа што за нивно донесување е потребно двотретинско мнозинство, што не беше обезбедено.

Предлог законот за прекршоци има за цел да обезбеди имплементирање на современите достигнувања во областа на прекршоците, при што е предвидено за прекршоците, покрај судовите, да можат да одлучуваат и органите на управа. Овој закон ја воведува глобата како главна санкција и се исклучуваат досегашните решенија кога можеше да се изрекува и казна затвор. Во Предлог законот, пак, за управни спорови најголема новина е одредбата со која се предлага формирање на управен суд, што пак ќе го растовари Врховниот суд од постапувањето по вакви предмети.

Пратениците го донесоа Законот за медијација, според кој ќе се овозможи алтернативно решавање на споровите со цел да се намали бројот на предметите во судовите кои имаат карактер на постапки со конфликт меѓу странките. Марија Којзеклиска од ВМРО-Народна Партија истакна дека треба да се размисли да се овозможи медијаторите да се обучуваат на Академијата за обука на судии и обвинители, но и да се овозможи медијатори да бидат и пензионираните судии или луѓе од други органи со искуство во судски постапки. За Џевдет Насуфи од ДПА вака предложениот закон не е спроведлив во македонските услови и побара медијатори да можат да бидат и лица во кои странките ќе имаат доверба, а не само оние кои ги исполнуваат условите кои се наведени во законот.

г.г.

| | |
|---|---|
| **Date:** | May 10, 2006 (Wednesday) |
| **Media:** | Biznis |
| **Circulation:** | 5.000 |
| **Title:** | **Meeting of the Assembly: Law on Mediation Accepted** |
| **Summary:** | The Parliament yesterday has accepted the law on Mediation, according to which the alternative way of dispute resolution is enabled. |

СОБРАНИСКА СЕДНИЦА

# Усвоен Законот за медијација

На вчерашната собраниска седница пратениците го донесоа Законот за медијација, според кој ќе се овозможи алтернативно решавање на споровите за да се намали бројот на предметите во судовите кои имаат карактер на постапки со конфликт меѓу странките.



Во расправата што му претходеше на донесувањето, Марија Којзеклиска од ВМРО-НП истакна дека треба да се размисли да се овозможи медијаторите да се обучуваат на Академијата за обука на судии и обвинители, но и да се овозможи медијатори да бидат и пензионираните судии или луѓе од други органи со искуство во судски постаки.За Џевдет Насуфи од ДПА вака предложениот закон не е спроведлив во македонските услови и побара медијатори да можат да бидат и лица во кои странките ќе имаат доверба, а не само оние што ги исполнуваат условите наведени во законот. Ристана Лалчевска од Либералната партија побара овој закон, поради, како што рече, лошите решенија, да се повлече од постапка и да се преработи.

Министерката за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска рече дека законот не може да биде повлечен и дека е предложен заедно со другите закони од областа на судството за да можат да се имплементираат сите реформи.

Собранието вчера ја почна расправата за Предлог-законот за судски совет кој овозможува формирање на судскиот совет како што е предвидено со уставните амандмани.